**20080931727**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 98 став (1) точка в) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (“Службен весник на Република Македонија” бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007 и 88/2008) и член 117 став (1) точка в) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување (“Службен весник на Република Македонија” бр. 7/2008), Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата, одржана на 17 јули 2008 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС И ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ПАРИЧНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА ПРЕМИН НА ЧЛЕН ОД ЕДЕН ВО ДРУГ ПЕНЗИСКИ ФОНД

Член 1

Со овој правилник се утврдува максималниот износ и начинот на плаќање на паричниот надоместок во случај на пренос на средствата од еден во друг пензиски фонд поради премин на член од еден во друг задолжителен пензиски фонд како и од еден во друг доброволен пензиски фонд.

Член 2

(1) Друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови односно друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови го определува надоместокот за премин од постоен во иден задолжителен пензиски фонд кој не може да биде повисок од износите наведени во табелата на овој член, кои се определени врз основа на бројот на денови од датумот кога членот се стекнал со статус на член во постојниот задолжителен пензиски фонд до крајниот рок до кој членот треба да достави до Агенцијата формулар и доказ за платен надомест согласно член 61 став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и тоа:

| Број на денови | Износ на надоместок за премин |
|---|---|
| број на денови ≤720 | 15 Евра |
| број на денови > 720 | не се наплаќа надоместок за премин |

(2) Износот на надоместокот од став (1) од овој член се пресметува во денарска противвредност на еврото по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата на средствата.

(3) По исклучок од став (1) на овој член, во случај на прво членство во задолжителен пензиски фонд, бројот на денови се пресметува од првиот ден во месецот за кој членот стекнал право на придонес во задолжителниот пензиски фонд.

Член 3

(1) Друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови односно друштвото за управување со доброволни пензиски фондови го определува надоместокот за премин од постоен во иден доброволен пензиски фонд кој не може да биде повисок од износите

наведени во табелата на овој член, кои се определени врз основа на бројот на денови од датумот кога членот се стекнал со статус на член во постојниот доброволен пензиски фонд до датумот на потпишување на договорот за членство со идниот доброволен пензиски фонд и тоа:

| Број на денови | Износ на надоместок за премин |
|---|---|
| број на денови≤ 360 | 10 Евра |
| број на денови > 360 | не се наплаќа надоместок за премин |

(2) Износот на надоместокот од став (1) од овој член се пресметува во денарска противвредност на еврото по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата на средствата.

Член 4

(1) Надоместокот за премин го плаќа членот кој преминува од постојниот во идниот задолжителен, односно од постојниот во идниот доброволен пензиски фонд, на жиро сметка на пензиското друштво кое управува со постојниот задолжителен, односно доброволен пензиски фонд.

(2) Пензиското друштво кое управува со задолжителниот, односно доброволниот пензиски фонд во кој пристапува членот, согласно член 98 став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и член 117 став (2) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, не смее да го плати надоместокот за премин.

Член 5

Со влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за надоместок за премин („Службен весник на Република Македонија” број 156/2007).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-1143/10
21 јули 2008 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор,
**Анета Димовска,** с.р.